РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-135/8
22.02.2018 год.
КОЧАНИ

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
АВТО ПЕТРОЛ ДООЕЛ
Бр. 0302-74/1
22.02.2018 год.
КОЧАНИ

Врз основа на чл.165 ст.1 од Законот за јавните набавки , а во врска со Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-135/7 од 14.02.2018 год., на ден 22.02.2018 год. се склучува следниот,

# Д о г о в о р
## за јавна набавка

***Помеѓу:***

1. ***Општина Кочани***, со седиште на ул. „ Раде Кратовче " бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган – Општина Кочани ( во натамошниот текст : **Купувач**) и
2. ***„ Авто Петрол " ДООЕЛ Кочани***, со седиште на ул. " Тодосија Паунов " бр.125 Кочани, со ЕДБ:4013013510147 и ЕМБС:6892450, застапувано од Управителот Климе Митев ( во натамошниот текст: **Продавач**).

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е купување и испорака на стока, односно :

***- Набавка на моторни бензини и дизел гориво за службените возила на Општина Кочани, и тоа:***

| Ред. Бр. | Опис |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 1 | ЕУРОСУПЕР БС 95 |
| 2 | ЕУРОСУПЕР БС 98 |
| 3 | ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) |

Предметот на набавката е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација за спроведување на Постапка со барање за прибирање на понуди, која постапка се спроведува преку ЕСЈН во електронска форма и завршува со е-аукција, како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, со објавување на Оглас 05-2091/4/2017, објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-2091/2 од 05.12.2017 год.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на Договорот, согласно проценетата вредност на договорот утврдена во Одлуката за јавна набавка изнесува 900.000,00 ден., односно вкупно планирани средства за реализација на договорот за јавна набавка се во износ од 1.062.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.

*Извор на средства*

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани, Програма Е0 и Д0, ставка 421.

*Начин и услови на плаќање*

**Член 4**

Согласно Извештајот од спроведена постапка, а во врска со точка 17.1 и 4.2 од тендерската документација, цената по која ќе се наплаќа сукцесивната испорака за литар моторни бензини и дизел гориво ќе биде утврдена на денот на испораката, а ќе се пресметува според важечката малопродажна цена без ДДВ за литар моторни бензини и дизел гориво, определена со Одлука за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторната комисија за енергетика на РМ ***кои важат на денот на испораката,*** намалена за понудениот попуст (процент) постигнат на електронската аукција, ***<u>односно намалена за 8,10 % (проценти)</u>*** , за секое гориво посебно .

Корекција на пресметаниот попуст изразен во <u>проценти</u> не е дозволен и истиот ќе остане фиксен за целото времетраење на важноста на договорот.

**Член 5**

Плаќањето на испорачаната стока (моторни бензини и дизел гориво ) ќе се врши:

- со користење на инструменти за безготовинско плаќање
- истиот ден со денот на приемот на фактурата.

Фактурирањето ќе се врши според важечката малопродажна цена без ДДВ за литар на секој вид на течно гориво посебно (моторни бензини и дизел гориво) определена со Одлука за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата, донесена од Регулаторната комисија за енергетика на РМ, кои важат на денот на испораката, намалена за 8,10 %.
Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката - испратницата.

Продавачот е должен да доставува фактура со месечен извештај за набавено течно гориво и потпишани испратници/сметки за испорачано гориво за секое возило одделно.
Продавачот е должен во фактурата да го наведе бројот и датумот на Договорот.

При фактурирањето ДДВ-то ќе биде посебно изразено.

*Квалитативен и квантитативен прием*

**Член 6**

Испораката на горивата ќе се врши на бензинска станица на Продавачот со полнење на гориво во возилата на Купувачот.

Купувачот сукцесивно према потребите ќе набавува течни горива - моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС–95, ЕУРОСУПЕР БС–98 и дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д–Е-V).

Квалитетот на горивата да биде во согласност и со важечкиот Правилник за квалитет на течните горива (Сл. весник на РМ бр. 88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, и 81/09).

Испораката на течните горива се смета за извршена со издавање на потврда/сметка, потпишана од овластено лице на Купувачот и овластено лице на Продавачот. Издадената потврда/сметка треба да ги содржи следните податоци: марка на возилото, регистерски број, количина и вид на горивото, вкупна цена, датум на испорака, локација на бензиската пумпа, име и презиме на службеното лице кое набавува гориво, име и презиме на работникот на бензиската пумпа кој го испорачал.

Списокот со податоци за возилата во сопственост на Општина Кочани и овластените лица кои можат да набават течни горива ќе му биде доставен на Купувачот по склучување на договорот.

***Договорна казна***

**Член 7**

Продавачот ќе му плати на Купувачот определен паричен износ (договорна казна), ако:
- не ја исполни својата обврска или
-задоцни со нејзиното исполнување или неуредно ја исполни.

Во случај на доцнење со испорака на стоката - предмет на Договорот, Купувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 1 % (процент) од вкупната вредност на овој Договор за секој ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка. Договорната казна се пресметува сè додека Продавачот не ги испорача стоките, предмет на Договорот.

Кога Продавачот доцни со исполнување на предметот на Договорот, потребно е Купувачот веднаш по приемот на исполнувањето на обврските да му врачи на Продавачот писмено известување дека Купувачот го задржува правото на договорна казна.

Купувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Продавачот дека го задржува своето право на договорна казна.

Договорната казна изнесува 5 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка, во случај на неисполнување на обврската на Продавачот.

Во случај на неисполнување на обврската, Купувачот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Купувачот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Кога казната е договорена за случај да се задоцни со исполнувањето на обврската или неуредното исполнување, може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Купувачот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Купувачот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата

***Ослободување од одговорност***

**Член 8**

Договорните страни се ослободени од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

Како случаи, настани и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна и воени дејствија, штрајк, мобилизиација, пожар, поплава, земјотрес, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта , акти или такви нарушувања на пазарот кои во значителна мера ќе го оневозможат континуираното снабдување на стоката и во други случаи што непосредно ќе влијаат врз извршувањето на обврските.

***Времетраење на важноста на договорот***

**Член 9**

Овој договор стапува на сила со денот на неговото склучување и ќе почне да се применува истиот ден.

Времетраењето на важноста на овој Договор за јавна набавка е една година, сметано од денот на стапување на сила на истиот.

***Општи и завршни одредби***

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 11**

За сè што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО и другите позитивни законски прописи што важат во РМ и ја регулираат оваа материја, предмет на овој договор.

**Член 12**

За евентуален спор по овој договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Купувачот и 2 (два) примероци за Продавачот.

| | |
|---|---|
| ***за Продавачот,*** | ***за Купувачот,*** |
| ***"Авто Петрол " ДООЕЛ Кочани*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник*** |
| ***( Климе Митев )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

***Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки -Силвана Благонова***
***Согласен: Раководител на одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков***